*ОПШТИНА КИЧЕВО*

# *ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА*

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2025**

**февруари, 2025**

## 1. ВОВЕД

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на Општина Кичево, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување. Локалниот економски развој е надлежност на локалната самоуправа и во најголем дел зависи од доброто планирање во локалната самоуправа. Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Северна Македонија па затоа се изготвуваат Програми за локален еконмски развој на ниво на секоја општина базирани врз основа на Стратегиите за локален економски развој на општините и програмите за развој на општините.

Програмата за подршка на локалениот економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат одЗаконот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Кичево, други позитивни законски одредби на Република Северна Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата, стратегиите и плановите за развојот на оптштината во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво. Во рамките на тие активности подготвен е профилот на општина Кичево, кој треба константно да се ажурира. Воедно, подготовката на програмата е согласно и одредени насоки на ЕУ за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Кичево, **која е изработена со помош на Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД, преку вклученоста во проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.** Исто така, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Сектори и Одделенија во Локалната Самоуправа на Општина Кичевосо посебен акцент на Програмите Г1, Г2 и Регионален развој, при што се предлага следнава програма **за Подршка на локалниот економски развој за 2025 година**.

## 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се финансира со финансиски средства

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Буџетот на Општина Кичево за 2025 год.** | **12.540.000** |
| 2 | **Меѓународни фондови** | **3.280.000** |

### 1. Нацрт-Програма за Подршка на Локалниот Економски Развој на Општина Кичево за 2025 година

Општина Кичево преку Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2025 година.

#### 1.1 Операционализација на постојната стратегија за локален економски развој во правец на поддршка на локалниот економски развој (поддршка на нво, здруженија на граѓании слично коофинансирање на проекти и активности од заеднички интерес)

Операционализацијата на Стратегијата за локален економски развој (која секторски ке се ревидира) ги опфаќа годишните акциони планови и програми за реализација на активности за постигнување на зададените приоритети и стратешки цели преку објавување на:

1. ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2025 г.

Проекти (поддршка на невладините организации и здруженија на граѓани и слично, коофинансирање на проекти и активности од заеднички интерес.)

- За проекти кои влијаат кон јакнење на капацитетот на граѓанскиот сектор и подобрување на квалитетот на живеење на најразлични целни групи во согласност со стратешките правци и определби на општината врз однапред утврдени критериуми .
- За проекти кои влијаат кој јакнење на капацитетот на здруженија и нво кои работат на полето на подобрување на условите за живеење на социјално маргинализирани лица, лица со посебни потреби и слично.

**Предвиден буџет 1.200.000,00 ден.**

### 1.2 Создавање на конкурентна економија во приватниот бизнис, поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа мора континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Кичево во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Кичево.Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развој на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на поволна деловна клима, стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Кичево. Општина Кичево е во директна соработка со МСП, стопанските комори, агенцијата за вработување и другите релевантни институции предвидува дополнителни активности за вмрежување и промоција на домашниот и странскиот пазар.

Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото е планирано да се реализира преку следниве активности:

- Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината.
- Субвенционирање за вработување на млади лица
- Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации) согласно потребите на пазарот на трудот.
- Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото
- Поддршка на МСП за учество на саеми и промоција
- Субвенционирање на минималните плати и придонесите за нови вработувања во компании за период од 6 месеци и воведување на систем за мониторинг на новите субвенционирани компании за повеќе од 12 месеци за да се следи развојот на бизнисите.
- Субвенционирање на занаетчиски дејности.
- Средби со бизнис заедницата и општинската администрација – 4 пати годишно или на секои 3 месеци.

**Предвиден буџет 5.960.000,00 ден.**

### 1.3 Создавање на рамка за правилно искористување на природните ресурси

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Кичево, треба да се

темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

- Развој на маркетинг стратегија за туризмот, вклучувајќи рекламирање на локалните атракции преку социјални медиуми и туристички платформи.
- Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива.

Активноста предвидува отпочнување на процесот за идентификација на локалните производи и услуги и информативно-консултативни средби со МСП и локалните производители.

- Воведување на програми и проекти за поддршка на органското производство, собирање на шумските плодови, нови автохтони насади на овошје и др. земјоделски производи.
- Организирање на локален саем со локалните занаетчии за локалните производи, за промоција на производите на занаетчиите и зголемување на видливоста на локалните производи.
- Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните и автентични занаети (набавка на опрема и алат, уредување на простор и стручно усовршување).
- Поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија, искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација.
- Уредување и обележување на излетнички места, видиковци, водотеци, извори, пешачки патеки, во функција на развој на туризмот, (поттикнување на развојот на туризмот-G2).
- Промоција на можностите за инвестирање во Општина Кичево.

**Предвиден буџет 1.000.000,00 ден.**

### 1.4 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

- Партиципација на Општина Кичево, за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти**.

- Партиципација во финансирање на Центарот за Развој на ЈЗПР и сопствено учество на Општина Кичево за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

- Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од РепубликаСеверна Македонија и регионот, во рамки на Програмите на различни донатори, невладини организации и здруженија, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти.**

- Аплицирање со проекти кои ќе придонесуваат кон развој на **урамнотежена економска, комунална и социјална инфраструктура**, преку подршка на програми и проекти кои задираат согласно Законот за локална самоуправа и Статегијата за локален економски развој во надлежностите за организирање и управување со комуналната инфраструктура како и меките надлежности како образованието, социјалната и здравствена заштита итн.

**Предвиден буџет 7.200.000,00 ден.**

Commented [U1]: Тука буџетот може да се смали, овие проекти што ги имаме со ЕУ не бараат учество од Општината, едниот проекто го покрива со 15% Министерството, а другиот е целосен грант. За други проекти оваа година нема од ЕУ со кофинансирање и затоа може да се намалат средствата и да се стават во друга категорија

### 1.5 Други оперативни тековни расходи и договорни услуги

За реализација на Манифестациите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2025 год. потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираатодредени предвидени содржини во 2025 год.

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во општинската адниминистрација кои работат на полето на локален економски развој кои се најдиректно поврзани со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси на вработените кои работат на полето на локален економски развој.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература , услуги за копирање , печатење и издавање,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Членарина во странски и домашни организации,
- Подготвување и дизајнирање на проекти.

**Предвиден буџет 660.000,00 ден.**

# Рекапитулар

| ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр** | **Активност** | **Опис** | **Износ** |
| 1.1. | Операционализација на стратегија за одржлив развој -Финансирање на локални микропроекти за локалниот економски развој, согласно стратегијата за развој, поддршка на нво и слично | - За проекти кои влијаат кон јакнење на капацитетот на граѓанскиот сектор и подобрување на квалитетот на живеење на различни целни групи во согласност со стратешките правци и определби на општината (врз однапред утврдени критериуми) . | 900.000,00 |
| | | - За проекти кои влијаат кој јакнење на капацитетот на здруженија и нво кои работат на полето на подобрување на условите за живеење на социјално маргинализирани лица, лица со посебни потреби и слично. | 300.000,00 |
| | Вкупно 1.1. | | 1.200.000,00 |
| | | | |
| 1.2. | Создавање на конкурентна економија во приватниот бизнис,поддршка на развојот на МСП и претприемништвото | - Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината<br><br>- Субвенционирање за вработување на млади лица<br>- Субвенционирање на минималните плати и придонесите за нови вработувања во компании за период од 6 месеци и воведување на систем за мониторинг на новите субвенционирани компании за повеќе од 12 месеци за да се следи развојот на бизнисите<br>- Субвенционирање на занаетчиски дејности<br>- Средби со бизнис заедницата и општинската администрација | 5.640.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Организирање на локален саем со локалните занаетчии за локалните производи, за промоција на производите на занаетчиите и зголемување на видливоста на локалните производи. | 120.000,00 |
| | | Поддршка на МСП за учество на саеми | 100.000,00 |
| | | Поддршка на женско претприемништво | 100.000,00 |
| | Вкупно 1.2. | | 5.960.000,00 |
| | | | |
| 1.3. | Создавање на рамка за правилно искористување на природните ресурси | - Развој на маркетинг стратегија за туризмот, вклучувајќи рекламирање на локалните атракции преку социјални медиуми и туристички платформи.<br>Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ | 100.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | искористување на природните ресурси | и законската регулатива | |
| | | Воведување на програми и проекти за поддршка на органското производство, собирање на шумските плодови, нови автохтони насади на овошје и др. Земјоделски производи | 100.000,00 |
| | | Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните и автентични занаети (набавка на алат опремување на простории и стручно усовршување) | 200.000,00 |
| | | Поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија, искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација<br>- Субвенционирање на велосипеди<br>Уредување и обележување на излетнички места, видиковци, водотеци, извори, пешачки патеки, во функција на развој на туризмот | 300.000,00<br><br>300.000,00 |
| | Вкупно 1.3. | | 1.000.000,00 |
| | | | |
| | | | |
| 1.4. | Средства за сопствено учество во имплеметација на меѓународни проекти | Партиципација на Општина Кичево за реализација на **меѓународни проекти**<br><br>Партиципација во финансирање на ЦРЈЗПР односно сопствено учество на Општина Кичево за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој. | 300.000,00<br><br>6.000.000,00 |
| | | Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, невладини организации и здруженија,фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** | 600.000,00 |
| | | Аплицирање со проекти кои ќе придонесуваат кон развој на урамнотежена економска , комунална и социјална инфраструктура , преку подршка на програми и проекти кои задираат согласно Законот за локална самоуправа и Стагегијата за локален економски развој во надлежностите за организирање и управување со комуналната инфратсруктура како и меките надлежности како образованието , социјалната и здравствена заштита итн. | 300.000,00 |
| | Вкупно 1.4. | | 7.200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| 1.5 | Други Оперативни расходи и договорни услуги | Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции, | 100.000,00 |
| | | Превод на стручна литература, услуги за копирање , печатење и издавање | 100.000,00 |
| | | Консултантски услуги за специфични проектни активности, | 200.000,00 |
| | | Подготвување и дизајнирање на проекти | 60.000,00 |
| | Вкупно 1.5. | | 460.000,00 |
| | | | |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2025 | **15.820.000,00** |

Изработил,
Одделение за ЛЕР

Бр.______________________

Кичево

Совет на Општина Кичево
Претседател

______________________________